Финансирано
од Европската Унија и
Советот на Европа

EUROPEAN UNION

COUNCIL OF EUROPE

CONSEIL DE L'EUROPE

Имплементирано
од Советот на Европа



ИНФОРМИРАЈ СЕ
ЗА БЕСПЛАТНА
ПРАВНА ПОМОШ

# БЕСПЛАТНА ПРАВНА ПОМОШ

# ШТО Е БЕСПЛАТНА ПРАВНА ПОМОШ?

Сервис на лицата со ниски приходи, социјално исклучените, маргинализирани категории граѓани и лица, како и оние кои поради било кои причини се нашле во тешка материјална положба и поради тоа не се во состојба да платат адвокат за да можат да ги заштитат своите права и слободи загарантирани со меѓународното и националното право на државата. Правото на бесплатна правна помош извира од правото на еднаквост на сите граѓани пред Уставот и законите во остварување и уживање на слободите и правата.

Бесплатната правна помош е дефинирана со Законот за бесплатна правна помош, чија цел е да го овозможи и унапреди правото на пристап до правда и правична судска заштита. Со овој закон се опфатени видовите правна помош до кои може да дојде барателот. Законот распознава:

- ✔ **примарна правна помош** – прв облик на правно информирање, запознавање со права и обврски, советување, упатување и состав на едноставни обрасци во управна постапка, преставки до Народен правобранител и Комисија за заштита од дискриминација и состав на барања за заштита на слободи и права пред Уставен суд. Примарната правна помош опфаќа и правно советување за користење на правото на секундарна правна помош и правна помош во составување на барањето за секундарна правна помош.
- ✔ **секундарна правна помош** – се обезбедува за баратели на кои им е неопходно водење судски, управни и управно судски постапки, а вклучува:
  - стручна правна помош од адвокат за застапување и состав на писмена во наведените постапки и постапките пред Фонд за пензиско и инвалидско осигурување, Фонд за здравствено осигурување и лица кои вршат јавни овластувања (нотари и извршители, под посебни услови);
  - ослободување на корисникот од судски такси и трошоци поврзани со постапката пред суд;
  - ослободување на корисникот од трошоците за вештачењето, и
  - ослободување на корисникот од административни такси.

## КОМУ МУ СЛЕДУВА БЕСПЛАТНА ПРАВНА ПОМОШ?

Бесплатна правна помош им следува на лица кои со оглед на својата материјална положба, не би можеле да ги остварат со Устав и закон загарантираните права, без да го загрозат сопственото издржување и издржувањето на членовите на своето семејство со кои живеат во заедничко домаќинство.

Лицата кои можат да добијат бесплатна правна помош доколку спаѓаат во оваа категорија, се поделени во неколку групи:

**А. државјаните на Република Македонија со постојано живеалиште во Република Македонија, и тоа:**

- лица корисници на социјална помош,
- корисници на правото на инвалидски додаток, кои не остваруваат други приходи по основ на заработувачка или приходи од недвижности,
- корисници на најниска пензија кои живеат во семејна заедница со две или повеќе лица издржувани од него,



- семејства или самохран родител со едно или повеќе малолетни деца кои остваруваат право на детски додаток,
- - дете во ризик и
- дете за кое постојат основи на сомневање дека сторило дејствие што со закон е предвидено како кривично дело или прекршок.

Б. баратели на правото на азил, внатрешно раселено лице, како и раселено или прогонето лице кое на територијата на Република Македонија има престојувалиште,

В. странски државјанин, кој во согласност со меѓународните договори, без оглед дали на територијата на Република Македонија има престојувалиште или живеалиште, остварува негово право за кое е надлежен државен орган на Република Македонија,

Г. лице без државјанство, кое законски престојува во Република Македонија и

Д. државјанин на земја членка на Европската унија под услови и на начин утврден со овој закон.

## ДАЛИ НА ДЕЦАТА ИМ СЛЕДУВА БЕСПЛАТНА ПРАВНА ПОМОШ?

Дете е секој човек до полнолетство, односно до навршување на 18 годишна возраст. Доколку детето треба да оствари некое право, или му е потребна судска заштита, а ги исполнува условите наведени во законот за бесплатна правна помош, има право на оваа помош.

Еден или двајцата родители или старатели можат да побараат бесплатна помош за детето.

## КОГА СЕ СМЕТА ДЕКА ИЗДРШКАТА МИ Е ЗАГРОЗЕНА?

Се смета дека е загрозена издршката на лицето кое бара бесплатна правна помош и издршката на членовите на неговото семејство со кои живее во заедничко домаќинство ако приходите по сите основи на тоа лице и членовите на неговото домаќинство не го преминуваат износот од 50% од просечната месечна плата исплатена во Република Македонија за претходниот месец во времето на поднесување на барањето за бесплатна правна помош.

## ДАЛИ ИМА ИСКЛУЧОЦИ ОД ОВИЕ УСЛОВИ?

Барањето за бесплатна правна помош ќе се одобри без оглед на финансиските прилики на барателот, доколку истиот:

- ✔ е сместен во згрижувачко семејство, станбена единица за организирано живеење со поддршка или во установа за социјална заштита, со решение на ЦСР;
- ✔ е жртва на семејно насилство, кој воедно има потреба од покренување и застапување во постапка за изрекување на привремени мерки за заштита од семејно насилство,
- ✔ е лице кое поради елементарна непогода, виша сила или други околности кои се надвор од ваша контрола се нашол во финансиска состојба што го спречува самостојно да обезбеди заштита на своите права.

## ЗА КОИ СЛУЧАИ МОЖАМ ДА ДОБИЈАМ БЕСПЛАТНА СЕКУНДАРНА ПРАВНА ПОМОШ?

Да се побара користење секундарна правна помош може за секое правно прашање кое е од интерес за барателот, освен за:

- ✔ царински и даночни работи,
- ✔ поведување постапка за клевета и навреда,
- ✔ надомест на нематеријална штета, освен во случаи за жртви на кривични дела, како и во случај на смрт или тежок инвалидитет,
- ✔ прекршоци и прекршочни постапки,
- ✔ јавни и комунални услуги определени во Законот за заштита на потрошувачите и Законот за комунални дејности,
- ✔ Имотни прашања во управна постапка (денационализација, приватизација, легализација итн).

## КАДЕ ДА СЕ ОБРАТАМ?

За обезбедување на бесплатна правна помош, можете да се обратите:

А. Во едно од 34-те подрачни одделенија на Министерството за правда, согласно вашето живеалиште/престојувалиште.

Подрачните единици можат да ви дадат општа правна информација или правен совет, совет за користење на правото на бесплатна правна помош и да ви помогнат за комплетирање на барањето за секундарна правна помош.

Директен контакт со подрачните одделенија: https://www.pravda.gov.mk/Upload/Editor_Upload//MobTEL-Na%20PodracniODD%201.pdf

Б. Здруженијата и правните клиники (во рамки на правните факултети) кои се регистрирани за давање на бесплатна правна помош

Здруженијата и правните клиники, покрај општата информација и правен совет, можат да ви помогнат и за



состав на едноставни обрасци во управната постапка, за состав на претставка до Народниот правобранител и Комисијата за заштита од дискриминација, како и за состав на барање за заштита на вашите слободи и права пред Уставниот суд.

Пред да одлучите за дејствието што би го преземале, ќе ви биде објасни природата на проблемот или ќе ви се помогне во утврдувањето дали вашиот проблем е правно прашање, дали истото е во рамките на опфатот на правните услуги кои можат да се дадат, како и видовите на правна помош кои се најсоодветни за вас.

Листата на здруженија и правни клиники каде можете да се обратите за совет, можете да ја најдете на следниот линк: https://www.pravda.gov.mk/bpp

## В. Адвокати со стекнати овластувања за давање на секундарна правна помош.

Адвокатите, со стекнато овластување за давање секундарна правна помош, постапуваат во рамки на овој закон само во случај кога на барателот му е одобрено користење на секундарна правна помош со Потврда издадена од подрачното одделение или со Решение од Министерство за правда (кога одлучило позитивно по поднесен приговор). Во овој случај, адвокатот е должен правната помош да ја даде единствено за правната работа конкретно наведена во потврдата. Назначениот адвокат не може да одбие да дава секундарна правна помош, освен кога не е во согласност со етичките правила или ограничувањата предвидени со актите на Адвокатска комора. Услугите кои адвокатот ги дава во рамки на ЗБПП се бесплатни за корисникот.

Листата на адвокати кои имаат овластување за давање на секундарна помош е достапна на: https://www.pravda.gov.mk/bp-advokati. Ве молиме да имате предвид дека адвокатот е должен да даде бесплатна секундарна правна помош само откако ќе биде назначен со решение за Вашиот предмет од страна на Министерството за правда.

## ДАЛИ ТРЕБА ДА ПЛАТАМ НЕШТО?



Услугата на примарна правна помош е бесплатна за сите. Услугата на секундарна правна помош (услуга од адвокат, водење на судска постапка), е бесплатна по добиено Решение за доделување на бесплатна правна помош, и ги опфаќа следниве трошоци:

- ✔ Ослободување од плаќање за стручна помош од адвокат за застапување и состав на писмена во наведените постапки и постапките пред Фонд за пензиско и инвалидско осигурување, Фонд за здравствено осигурување и лица кои вршат јавни овластувања (нотари и извршители, под посебни услови)
- ✔ Ослободување од судски такси и трошоци поврзани со постапката пред суд;
- ✔ Ослободување од трошоци за вештачење, доколку е потребно во постапката, и
- ✔ Ослободување од административни такси.

Законот за бесплатна правна помош единствено не ги покрива трошоците на тужената страна во случај на губење на спорот.

# КАДЕ МОЖАМ ДА СЕ ОБРАТАМ ЗА ДА ДОБИЈАМ БЕСПЛАТНА ПРАВНА ПОМОШ?

- ✔ Здруженија и правни клиники кои се овластени за давање на бесплатна правна помош
- ✔ Адвокати со стекнати овластувања за давање на секундарна правна помош
- ✔ Во подрачните одделенија на Министерството за правда:

| Подрачни одделенија | Телефони |
|---|---|
| Берово | 071 205 324 |
| Битола | 071 223 392 |
| Македонски Брод | 071 223 075; 078 640 786 |
| Виница | 071 213 964 |
| Валандово | 071 213 925 |
| Гевгелија | 071 224 678; 071 216 267 |
| Гостивар | 071 223 180 |
| Дебар | 071 223 768 |
| Делчево | 071 283 948 |
| Демир Хисар | 075 766 695 |
| Кавадарци | 075 659 855 |
| Кичево | 071 224 652 |
| Кочани | 071 221 580 |
| Кратово | |
| Крива Паланка | 071 224 580 |
| Крушево | 071 227 808 |
| Куманово | 071 227 962 |

| Подрачни одделенија | Телефони |
|---|---|
| Неготино | 071 223 191 |
| Охрид | 071 221 908 |
| Прилеп | 076 232 886 |
| Пробиштип | 078 330 434 |
| Радовиш | 070 261 310 |
| Ресен | 071 221 246 |
| Свети Николе | 071 227 862 |
| Струга | 071 223 015 |
| Струмица | 071 224 526 |
| Тетово | 071 227 893 |
| Велес | |
| Штип | 071 221 484; 070 821 089 |
| Карпош | 071221381 |
| Центар | 078 442 006 |
| Кисела Вода | 071 224 104 |
| Гази Баба | 071 213 798 |
| Чаир | |

ИНФОРМИРАЈ СЕ
ЗА **БЕСПЛАТНА**
**ПРАВНА ПОМОШ**

**www.pravnapomos.mk**

Фотографии: freepik.com – © Сите права се задржани 2021

Овој документ е изработен со финансиска поддршка на Европската Унија и Советот на Европа.
Тука споделените гледишта не треба да се смета дека се официјално мислење на ниту една од двете страни.

Финансирано од Европската Унија и Советот на Европа

EUROPEAN UNION

COUNCIL OF EUROPE
CONSEIL DE L'EUROPE

Имплементирано од Советот на Европа

ЕУ со ТЕБЕ

Република Северна Македонија
Министерство за правда